# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 9/2024 03.10.2024 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на Општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 42-та редовна седница на Советот на Општина Пробиштип одржана на ден 30.092024 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Заклучок за усвојување на Информација за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година бр. 26-675/3;
2. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за воспито образовната работа за учебната 2023/2024 година во СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип бр. 26-675/4;
3. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ Никола Карев за учебната 2023-2024 година бр. 26-675/5;
4. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ Браќа Миладиновци за учебната 2023-2024 година бр. 26-675/6;
5. Стаутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Пробиштип бр. 26-675/7;
6. Одлука за изменување на Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “ Пробиштип бр. 26-675/8,
7. Заклучок по барање од Иницијативен одбор с.Горно Барбарево бр.26-675/11-1;
8. Заклучок по барање од МЗ Бунеш бр.26-675/11-2;
9. Заклучок по барање од Иницијативен одбор с Стрмош бр.26-675/11-3;
10. Заклучок по барање од Ивана Мицева бр.26-675/11-4;
11. Заклучок по барање од Васе Сенев бр.26-675/11-5;
12. Заклучок по барање од Љупка Петровка бр.26-675/11-6;
13. Заклучок по барање од Дејан Ефремовски бр.26-675/11-7;
14. Заклучок по барање од Александар Моневски бр.26-675/11-8;

15. Заклучок по барање од Дејан Тимов бр.26-675/11-9;
16. Заклучок по барање од Митко Мијалков бр.26-675/11-10;
17. Заклучок по барање од Трајче Василев бр.26-675/11-11;
18. Заклучок по барање од Јасминка Анчова бр.26-675/11-12;
19. Заклучок по барање од Борче Боризовски бр.26-675/11-13;
20. Заклучок по барање од Димќе Јованчев бр.26-675/11-14;
21. Заклучок по барање од Славчо Донев бр.26-675/11-15;
22. Заклучок по барање од Летка Иванова бр.26-675/11-16;
23. Заклучок по барање од Видан Даневски бр.26-675/11-17;
24. Заклучок по барање од Борис Стоиманов бр.26-675/11-18;
25. Заклучок по барање од Борче Ангеловски бр.26-675/11-19;
26. Заклучок по барање од Ињо Тодосов бр.26-675/11-20.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 08-678/13
01.10.2024 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 а во врска со член 21 став 1 точка 35 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 25 став 1 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип Ев.бр.23.28.7.1-636/1 од 14.08.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Пробиштип за период од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година**

1. Се усвојува Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип за период од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година, Ев.бр.23.28.7.1-636/1 од 14.08.2024 година поднесена од ОВР Пробиштип.

2. Составен дел на овој Заклучок е Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Пробиштип за период од 01.01.2024 година до 30.06.2024 година, Ев.бр.23.28.7.1-636/1 од 14.08.2024 година поднесена од ОВР Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/3
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 89-а став 1 алинеа 2 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Извештајот за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 30.09.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за усвојување на Извештај за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-273/1 од 27.08.2024 година.

Член 2

Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-273/1 од 27.08.2024 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.09.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Милановс.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишниот извештај за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година, на седницата одржана на ден 30.09.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев “ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-450/1 од 20.09.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев “ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-450/1 од 20.09.2024 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.09.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишниот извештај за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година, на седницата одржана на ден 30.09.2024 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

**за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „БраќаМиладиновци“ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци “ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-425/1 од 26.08.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци “ од Пробиштип за учебната 2023/2024 година бр.01-425/1 од 26.08.2024 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.09.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 121 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип“бр.4/05, 24/14, 29/15 и 23/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 донесе

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**За изменување и дополнување на Статутот на Општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа Статутарна Одлука се врши изменување и дополнување на Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип“бр.4/05, 24/14, 29/15 и 23/19), и тоа:

Членот 36-а се менува и гласи :

„Локален младински совет“

Локален младински совет е советодавно и претставничко тело на Општина Пробиштип и се основа со цел активно вклучување на младите од Општина Пробиштип во процесите на донесување на одлуките на локалната власт преку предлагање на иницијативи за прашања кои ги засегаат младите на подрачјето на Општина Пробиштип.

Млади, во смисла на оваа одлука се државјани на Република Северна Македонија, со место на живеење во Општина Пробиштип, на возраст од 15-29 години. Младите од став 1 на овој член можат да бидат избирани за членови, претседател и заменик претседател на Локалниот младински совет на Општина Пробиштип, само ако се со постојано место на живеење во Општина Пробиштип.

Член 2

Членот 36 –б се менува и гласи:

Претставниците на Локалниот младински совет имаат право да:

- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до општината за прашања кои се однесуваат на младите и
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со овој закон.

Член 3

Членот 36 - в се менува и гласи:

Бројот на членови на Локалните младински совети е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општина Пробиштип, но не може да биде помалку од пет лица.

Членовите на Локалните младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Член 4

Членот 36 – г се менува и гласи:

За конституирање на Локалното собрание за млади се формира Иницијативен одбор.

Иницијативниот одбор е составен од најмалку пет (5) члена од младинските организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои претходно аплицирале и ги исполниле критериуми на Јавниот повик за формирање на Иницијативен одбор од страна на Советот на Општина Пробиштип.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното Локално собрание за млади по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор од ставот (2) на овој член се формира само за одржување на конститутивното Локално обрание за млади а по успешно одржување на првата Конститутивна седница на Собранието на млади, истиот се распушта.

Формите на организирање и здружување од ставот (2) на овој член не мора да бидат регистрирани во Општина Пробиштип, но мора да имаат активности на територијата на Општина Пробиштип.

Делегатот и заменик - делегатот од ставот (2) на овој член мора да имаат постојано живеалиште на територијата на Општина Пробиштип и да бидат на возраст од 15-29 години.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивната седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на општината.

Член 5

Членот 36- д се менува и гласи:

Членовите на Локалното собрание на млади се по еден делегат и заменик делегат кои се предложени од страна на младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои

претходно аплицирале и ги исполниле критериуми на Јавниот повик за формирање на Локално собрание на млади.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трichлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет. На конститутивна седница на локално Собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Собранието на млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен од најмалку три (3) членови на Собранието за млади. Мандатот на членовите на Собранието на млади, вклучително и на претседавачот/кат трае две (2) години со право на уште еден избор.

На Конститутивната седница, Локалното собрание на млади носи Одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието. Првата седница на Локалото собрание на млади (веднаш после Конститутивната седница), ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Собранието. На седницата се усвојува Деловникот за работа, изготвен и предложен од страна на Комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање на Локалниот младински совет на Општина Пробиштип, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб страницата на Општина Пробиштип, во локалните медиуми и на останати јавни места /социјални медиуми, се со цел да информира што е можно поголем број на млади во Општина Пробиштип. Повикот трае најмалку десет (10) дена од денот на неговото објавување.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, на седницата на Локалното собрание на млади се поканувааат делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од Повикот.

Трichлената верификациона Комисија на Локалното собрание за млади ( креирана за време на Конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Младинскиот совет на општината и треба да ги потврди мандатите на делагатите.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката за гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори, со тајно гласање, во кое право на глас имаат делегатите на Локалното собрание на млади. За избраните членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејки сметка за балансирана застапеност на двата пола.

Член 6

Членот 36- ѓ се менува и гласи:

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.

Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината. Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две (2) години со право на уште еден избор.

По потврдениот избор, верификационата Комисија на Локалното собрание на млади изготвува извештај/записник од листа на избраните членови кој го усвојува Локалното собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општина Пробиштип за верификација на нивните

мандати. При престанок на членството или при избор на нови членови, Локалното собрание на млади писмено го известува Советот на општината за промена и истиот ја потврдува со писмено решение. Локалниот младински совет од своите редови избира претседател/ка и заменик претседател/ка, согласо Деловникот за работа на Локалниот младински совет.

Член 7

Членот 36- е се менува и гласи:

Советот на општината може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истек на мандатот поради:

-лично барање на членот на Локалниот младински совет,

-ако неоправдано отсуствува од седниците на Локалниот младински совет.

Член 8

Се додава нов член 36- ж се менува и гласи:

Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Локалниот младински совет. Претседателот на Локалниот младински совет е должен да свика вонредна седница на предлог од најмалку една третина (1/3) од членовите на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет ги донесува Одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на Локалниот младински совет.

Начинот на работа на Локалниот младински совет поблиску се утврдува со Деловник за работа.

Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за поединни групи на млади или за проблемите кои ги загрижуваат младите.

На седницата на Локалниот младински совет можат да присуствуваат и учествуваат во работата без право на одлучување: Градоначалникот на Општина Пробиштип Претседателот на Советот на Општина Пробиштип, како и членовите на Советот на Општина Пробиштип.

Член 9

Се додава нов член 36- з кој гласи:

Локалниот младински совет донесува Програма за работа и ја доставува до Советот на Општина Пробиштип за секоја календарска година.

Програмата за работа, Локалниот младински совет ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на ЛМС, Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на Општина Пробиштип, најдоцна до 31 Ноември во тековната година, за следната година.

Член 10

Се додава нов член 36- ѕ кој гласи:

Општина Пробиштип е должна да одреди службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежостите на институцијата.

Службеникот за млади од ставот (1) на овој член изготвува годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на младите кои ги поднесува до Агенција за млади и спорт .

Контакт информациите за службениците за млади се јавно достапни на веб страната на Општна Пробиштип.

Член 11

Се додава нов член 36- и кој гласи:

Општина Пробиштип обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Пробиштип. Од буџетот на општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.

Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа. Стручните и админисративните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Пробиштип, односно назначува службеник за млади во согласност со Закон за младински учесство и младински политики.

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила нареден ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-675/7
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 гдина ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**За изменување на Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче" Пробиштип**

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче" Пробиштип број 26-199/18 од 13.02 2024 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.2/2024 и тоа:

Во членот 2 став 2 точка 1 се бришат зборовите „жители на Општина Пробиштип" .

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип“.

Број 26-675/8
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 89-а став 1 алинеа 2 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната програма за работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година, на седницата одржана на ден 30.09.2024 година го донесе следната:

## ЗАКЛУЧОК

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2024/2025 година бр.01-274/1 од 27.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/9
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајки по Годишниот план за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2025 година ја донесе следната:

## ЗАКЛУЧОК

1. Не се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2025 година бр.01-526/1 од 26.08.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-675/10
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Иницијативен одбор с.Горно Барбарево, на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барање од Иницијативен одбор с.Горно Барбарево бр.26-647/2 од 03.09.2024 година за обезбедување на финансиска помош за изградба на манастир посветен на „Свети Богородица“ с.Горно Барбарево, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-1
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од МЗ Бунеш, МЗ Ратавици и населено место Драч на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од МЗ Бунеш, МЗ Ратавици и населено место Драч, бр.26-686/1 од 24.09.2024 година за поставување сообраќајни знаци на мост река Злетовица, се прифаќа и барањето се препраќа до Одделението за комунални работи патишта и улици во Општина Пробиштип за преземење на мерки за најитно поставување на сообраќаен знак за носивоста на мостот.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-2
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Иницијативен одбор с.Стрмош на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Иницијативен одбор с.Стрмош бр.26-613/1 од 21.08.2024 година за обезбедување на финансиска помош за изградба на Православна црква „Воскресение Христово“ во с.Стрмош, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-3
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Ивана Мицева од Бучиште на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барање од Ивана Мицева од Бучиште бр.26-553/1 од 24.07.2024 година за парична помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 10.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-4
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Сенев Васе од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барање од Сенев Васе ул. Нада Михајлова бр.58 од Пробиштип бр. 26-556/1 од 26.07.2024 година за еднократна финансиска помош за лекување-операција на дебело црево, се прифаќа и се одобрува 15.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-5
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Љупка Петровска од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барање од Љупка Петровска ул.Доне Божинов бр.36 од Пробиштип бр.26-559/1 од 26.07.2024 година за парична помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобрува 8.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-6
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Ефремовски Дејан од Злетово на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барање од Ефремовски Дејан ул.Македонија бр.35 од Злетово бр.26-568/1 од 05.08.2024 година за финансиска помош за лекување од шизофренија, се прифаќа и се одобруват 8.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.09.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Александар Моневски од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барање од Александар Моневски ул.Тодор Александров бр.К2/6 од Пробиштип бр. 26-577/2 од 09.08.2024 година за обезбедување на финансиска помош за лекување од карцином, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.09.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на

седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Дејан Тимов од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Дејан Тимов ул.Доне Божинов бр.6 од Пробиштип бр.26-578/2 од 09.08.2024 година за обезбедување на финансиска помош за лекување-операција на дете Васил Тимов, се прифаќа и се одобруват 8.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.09.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Митко Мијалков од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Митко Мијалков ул.„Партизанска“ бр.24 од Пробиштип бр.26-579/1 од 09.08.2024 година, за еднократна парична помош поради лоша здравствена и финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 6.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
30.09.2024 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Трајче Василев од с.Плешеници на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Трајче Василев од с.Плешеници бр.26-581/1 од 12.08.2024 година, за обезбедување на еднократна парична помош за лекување, се прифаќа и се одобурват 6.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-11
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Јасминка Анчова од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Јасминка Анчова ул.Илин Врв бр.10 од Пробиштип бр.26-582/1 од 12.08.2024 година, за еднократна парична помош поради лоша материјална и финансиска состојба, се прифаќа и се одобруват 8.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-12
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Борче Боризовски од с.Петршино на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Борче Боризовски од с.Петршино бр.26-595/1 од 13.08.2024 година за еднократна парична помош за лекување, се прифаќа и се одобруват 6.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-13
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Димче Јованчев од Злетово на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Димче Јованчев ул.Македонија бр.89 од Злетово бр.26-599/1 од 14.08.2024 година за еднократна парична помош за лекување, се прифаќа и се одобруват 8.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-14
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Славчо Донев од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Славчо Донев ул.28 Август бр.7 од Пробиштип бр.26-609/1 од 20.08.2024 година за еднократна парична помош за операција на срце, се прифаќа и се одобруват 12.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-15
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Летка Иванова од с.Ратавица на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Летка Иванова од с.Ратавица бр.26-646/1 од 03.09.2024 година за еднократна парична помош за лекување од малигно заболување, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-16
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Видан Даневски од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Видан Даневски ул.Лесновска бр.4 од Пробиштип бр.26-664/1 од 12.09.2024 година за еднократна парична помош за лекување од карцином, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-17
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Борис Стоиманов од Злетово на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Борис Стоиманов ул.Поникварбр.31 од Злетово бр. 26-668/1 од 13.09.2024 година за еднократна парична помош за лекување на дете Митко Стоиманов, се прифаќа и се одобруват 8.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-18
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Борче Ангеловски од Пробиштип на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Борче Ангеловски ул.Јаким Стојковски бр.24 од Пробиштип бр. 26-670/1 од 16.09.2024 година за финансиска помош за лекување од карцином, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-19
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.09.2024 година, расправајќи по барањето од Иљо Тодосов од Злетово на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Иљо Тодосов ул.Македонија бр.109 од Злетово бр. 26-688/1 од 24.09.2024 година за еднократна парична помош заради лоша материјална и финансиска сосојба, се прифаќа и се одобруват 8.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-675/11-20
30.09.2024 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.